СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **20-134/2**
**Скопје, 15.02.2022 година**

# ЗАПИСНИК
## од седница на ЦИК одржана на ден 13.10.2021 година

На седницата присуствуваа тројца членови на Комисијата и тоа: д-р Ненад Цветановски, претседател на Централната изборна комисија, д-р Костадин Митев и д-р Милан Нацевски. Отсутни беа д-р Александар Стојановски и д-р Ридван Алили.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на ЦИК, д-р Цветановски, го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 02.10.2021 година;
2. Утврдување на резултатите од одржаните избори за двајца членови во РО Битола и делегати во Собранието на СКМ;
3. Разно.

Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен од присутните, без измени и дополнувања.

**1. Усвојување на Записникот од седницата одржана на ден 02.10.2021 година**

Записникот од последната седница на Комисијата одржана на ден 02.10.2021 г. едногласно беше усвоен од присутните членови на Комисијата.

**2. Утврдување на резултатите од одржаните избори за двајца членови во РО Битола и делегати во Собранието на СКМ;**

Членовите на Комисијата, согласно член 45 став 2 од Правилникот за избори, врз основа на резултатите од гласањето доставени од Регионалната изборна комисија, ги утврдија резултатите од изборите за двајца членови на Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на Комората.

По увидот во доставениот материјал од изборите одржани на ден 01.10.2021 година, ЦИК го констатираше следното:

- на избирачкиот список биле запишани **вкупно 95 избирачи;**
- врз основа на **избирачкиот список гласале вкупно 43 избирачи;**
- преброени се вкупно **56 неупотребени гласачки ливчиња;**
- нема **неважечки гласачки ливчиња.**

---

По пребројувањето на **важечките гласачки ливчиња** и пребројување на гласовите, констатирано е дека :

Кандитатот **Дејан Ристевски** добил **29 гласови**;

Кандитатот **Кирил Јовановски** добил **11 гласови**;

Кандитатот **Андреа Андреевски** добил **18 гласови**;

Кандитатот **Стефан Тодоровиќ** добил **14 гласови**;

Комисијата утврди дека на изборите за двајца членови на Регионален одбор Битола за подрачјето на општините: Битола, Могила, Новаци, Ресен и Демир Хисар **најмногу гласови добиле** кандидатите **Дејан Ристевски и Андреа Андреевски.**

Резултатите од гласањето ќе се објават и на веб-страната на Комората.

Согласно член 49 од Правилникот за избори, на избраните членови во Регионалниот одбор Битола и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, Централната изборна комисија ќе им издаде **уверение за изборот**.

Согласно член 55 од Правилникот за избори, Централната изборна комисија поднесува извештај до Собранието за резултатите од гласањето.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот на ЦИК за затвори седницата.

Седницата заврши во 13:30 часот.

---

Записничар,
м-р Ана Ангелеска ______________

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Централната изборна комисија
Претседател,
**д-р Ненад Цветановски**

М.П. ______________________